**Капитал 21.01.2011**

**ИНТЕРВЈУ СО ТОНИ ДИМОВСКИ, ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ**

# СО ДОБРО УПРАВУВАЊЕ, ПАРИТЕ ОД ИПАРД ЌЕ БИДАТ ЦЕЛОСНО ИСКОРИСТЕНИ



Минатата недела беа исплатени првите средства од ИПАРД програмата, наменети за земјоделство и рурален развој, а во наредниот период се очекува исплата на уште 5-6 проекти. Со цел поефикасно искористување на претпристапните фондови од ЕУ, Агенцијата подготвува документација за акредитација на уште една мерка - техничка помош, која треба да им помогне на граѓаните за подготвка на апликациите

Александра Спасевска
spasevska@kapital.com.mk

Минатата година за македонското земјоделство беше значајна бидејќи Македонија за првпат доби можност да користи пари од претпристапната помош од ЕУ, процес кој се реализираше преку Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој. Директорот на оваа институција, Тони Димовски, очекува со добро управување Македонија ефикасно да ги искористи сите пари кои и се дадени на располагање до 2013 година.

**Минатата недела беа исплатени првите пари од ИПАРД програмата за инвестиција во системот капка по капка. Чекаат ли готови проекти за исплата во наредниот период?**

-Почна конечната имплементација на ИПАРД програмата. Агенцијата, освен пари од буџетот на Македонија, од националните програми за рурален развој, овозможи пристап и до претпристапната помош, што е многу значајно. Со ова се унапредуваат постојните капацитети, се отвораат нови можности за конкурентност на македонското земјоделско производство, но исто така се зголемува и атрактивноста на Македонија како туристичка рурална дестинација. Првите исплати се случија минатата недела. Тоа беше првата реализирана инвестиција во системот капка по капка. Еднострано имаше исплати и за примарно производство, за обработка на овошни насади. Ова е само почеток. Не треба да се потценуваат и овие мали инвестиции, затоа што се реализираат по еден специфичен пат, како што се доделуваат во Европската унија. Сега претстои исплата на уште 5-6 инвестиции, кои се со поголема вредност, од околу 60.000 евра кофинансирање. Очекуваме за 27 проекти, за кои беа потпишани договори од првиот оглас, износот за кофинансирање од 1,9 милиони евра да биде искористен до крајниот рок. Во меѓувреме, заврши и вториот оглас. Во Агенцијата се обработуваат 112 апликации. Интересот е висок и е еднаков како за првиот повик. Овојпат очекуваме да склучиме повеќе договори. Тоа е процес кој постојано ќе се унапредува и се надеваме дека с$ повеќе средства ќе се користат од оваа програма, што е можно со честото објавување огласи. Оваа година планираме да објавиме уште три ИПАРД огласи, што значително ќе ја смени перцепцијата за искористеноста на овие средства.

**Првите два повици објавени минатата година се однесуваа на три мерки. За која од нив имаше најголем интерес, во кој дел од земјоделството се насочени инвестициите?**

- Со двата јавни повици се понуди кофинансирање по три мерки. Првата мерка (101) е наменета за инвестиции во земјоделски стопанства, со цел нивно преструктурирање и надградба врз база на стандардите на ЕУ. Втората мерка (103) за инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи и третата мерка (302) за диверзификација и развој на рурални економски активности. Најголем интерес и во двата огласи имаше за првата мерка, иако втората ја сочинуваат проекти чија вкупна вредност е најголема. Најмногу апликации имаше за инвестиции во земјоделски стопанства. На првиот повик беа доставени 133 барања, од кои за првата мерка беа 58, за втората 41, а за третата 34. За вториот оглас пристигнаа вкупно 112 барања, од кои 57 се за првата мерка, 25 за втората и 20 за третата мерка.

**Во првиот повик имаше проблем со комплетирањето на документацијата и со подготвувањето на проектите. Што детектираше Платежната агенција, кои се најголемите пречки што се јавуваат при аплицирањето?**

-Имплементацијата на ИПАРД значи дека постои механизам со кој континуирано се следат проблемите во сите сегменти - подготовка и обезбедување документи, подготовка на деловните планови и комуникација со институциите. Од сето тоа констатиравме дека најсериозен проблем за апликантите беше обезбедувањето понуди за инвестициите од производителите на опрема, вклучително и изјава за потеклото на опремата, што, секако, претставува една новина во делот на опциите кои ги има апликантот за да набави некоја опрема. Тоа е пропишано со документите врз основа на кои е акредитирана Агенцијата. Проблем исто така беше и обезбедувањето документи од разни институции во пропишана форма и содржина. Секако дека ова како почеток е нормална работа. И на првиот и на вториот оглас не можеше да се очекуваат најдобри проекти и многу апликации, бидејќи тие пристигнуваат генерално два дена пред истекот на рокот. Претпоставувам дека ист е начинот на пристап и пред институциите кои ги издаваат документите.

**Земјоделците сами немаат капацитети да подготват проект за да аплицираат, за што најчесто користат консултантски услуги. Дали сметате дека е неопходна поддршка од консултанти, со оглед на тоа што минатата година имаше разни обуки и тренинзи токму за подготвување на апликациите?**

-Една од нашите надлежности е да обезбедиме што е можно повеќе информации, брошури, водичи, со што на наједноставен начин некој што има желба сам ќе го подготви проектот, затоа што има многу информации и на интернет-страницата на нашата Агенција, како и на специјалната интернет-страница ИПАРД, каде што се наведени сите потребни документи. Исто така е овозможено и поставување прашања за подготвување на проектите. Освен обуките, кои беа поинтензивни, при објавувањето на првиот и на вториот оглас отворена е опцијата да се користат бесплатно услугите на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, која преку своите советници и пунктови низ државата има директен контакт со заинтересираните. Тоа на најбезбеден и бесплатен начин може да помогне да се комплетира апликацијата. Секако, имаат опција барањето да го подготови и консултантска куќа. Тоа е апсолвирано во ИПАРД програмата, односно, отворена е можноста да се користат консултанти и да се финансираат трошоците за услугата што е дадена од консултантите до одреден процент од вредноста на проектот.

**На првиот повик имаше 133 апликации и 27 склучени договори, на вториот 112 апликации, а во 2011 година ќе бидат распишани уште три повици. Кои се Вашите очекувања за динамиката на искористување на парите? Дали ќе се повлечат сите пари од ИПАРД кои и се на располагање на Македонија до 2013 година?**

-Темата дали целосно ќе бидат искористени парите секогаш се отвора кога се дискутира за ИПАРД програмата. Агенцијата внимателно, согласно правилата за користење на средствата, го следи процесот. На тој начин се проектира и очекуваното повлекување на средствата по години. Според интензитетот на објавените огласи, очекуваме ефекти од претстојните акредитации по други мерки, новини во ИПАРД програмата по барање на земјоделците и руралната популација, преку воспоставениот систем на мониторинг и отчет во имплементацијата. Всушност, ИПАРД нуди континуирано прилагодување во насока на максимално искористување на овие повеќегодишни средства. Преку честите огласи и со добро управување може целосно да се искористат парите од ИПА програмата за оваа компонента.

**ЌЕ СЕ АКРЕДИТИРАМЕ И ЗА МЕРКАТА "ТЕХНИЧКА ПОМОШ"**

**Минатата година имаше најава дека Македонија ќе аплицира за можноста да користи средства од ЕУ за уште една мерка. За која мерка станува збор и дали таа мерка би била достапна оваа година?**

-Станува збор за мерката "техничка помош", што повторно е во функција на јакнење на капацитетот и оспособување на апликантите за успешно да минат низ постапките за доделување договор за кофинансирање по ИПАРД. Ова е мерката 505, односно четврта мерка за која ќе аплицираме. Сега претстои акредитација и Агенцијата сериозно пристапи кон процесот. Подготвен е целокупниот пакет документација. Во тек се консултации со Директоратот за земјоделство и очекуваме годинава, по националната акредитација, како што беше случај и со претходните три мерки, да следува и акредитација од Европската комисија. Потоа ќе ни биде пренесено правото за управување со овие средства, што ќе го унапреди користењето на средствата од ИПАРД програмата, со оглед дека е во функција на јакнење на капацитетот и оспособување на апликантите. Тоа ќе се одрази преку повисок процент на апсорпција и зголемување на средствата проектирани за Македонија до 2013 година.